ОСУ „Јовче Тесличков“ - Велес

# Политика и протокол за спречување и заштита од сите видови насилство

## 1. Вовед

Општинското средно училиште„Јовче Тесличков“ Велес со оваа политика и протокол ги уредува сите мерки и активности кои ги презема училиштето за спречување и заштита од насилство.

Документот е составен од:

- воведен дел во кој се уредува целта, поимите, принципите на работа и видовите насилство;
- политика за спречување насилство во кој се уредуваат мерките и активностите за превенција од насилство; и
- протокол за постапување во случаите насилство во кој се уредуваат мерките кои се преземаат во случаите на насилство со цел заштита на ученикот-жртва и промена на однесувањето на ученикот-сторител на насилство.

При подготовката на овие документи училиштето ги вклучува и да ги земе предвид мислењата на учениците, родителите/старателите, наставниците, стручните соработници и членовите на телата во училиштето.

Училиштето го објавува овој документ на својата веб страница.

Училиштето редовно, а најмалку еднаш во четири години, да го ажурира овој документ, согласно со потребите на сите лица вклучени во училишниот живот и согласно новите трендови на насилство и насилно однесување во училиштето. При ажурирањето на интерниот акт училиштето повторно организира партиципативен и консултативен процес со вработените, учениците, родителите/старателите и лицата членови на телата на училиштето.

### 1.2. Цел

ОСУ„Јовче Тесличков“ има за цел да биде средина во која сите ќе се чувствуваат добредојдени и безбедни и ќе можат да учат и да ги развиваат своите потенцијали.

Целта на овој документ е да ја унапреди безбедноста и еднаквоста во училиштето и да ја покрене свесноста за насилството помеѓу сите субјекти во училиштето.

### 1.3. Намена и опфат

Овој документ е наменет за сите субјекти во училиштето. Директорот, наставниците и стручните соработници се должни и надлежни да ги спроведуваат мерките и активностите од овој документ.

Документот е наменет и за учениците/ученичките, родителите/старателите, членовите на телата на училиштето, претставниците на останатите институции вклучени во системот на превенција и заштита од насилство, како Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство.

Документот се однесува на кој било вид насилство чија жртва или сведок е ученик во училиштето. Притоа не е важно каде се случило насилството (во училиштето или дворот, на патот до училиштето или до домот, во домот и на кое било друго место). Документот се применува секој пат кога насилството се случува во училиштето и/или кога вработените во училиштето имаат сознанија или сомнеж дека ученик бил или е жртва на насилство на кое било место, а притоа насилството не се разрешило или пак ученикот трпи негативни последици по здравјето и развојот како последица на насилството.

**1.4. Поимник**

Поимите кои се употребуваат во ова упатство го имаат следното значење:

- Насилство- сите форми на насилство, злоупотреба и занемарување опфатени во глава 1.6 и Прилог 1.
- Ученик- секој ученик и/или ученичка запишан/а во средното училиште.
- Ученик жртва- секој ученик за кој училиштето има сознанија или се сомнева дека доживеал или доживува насилство.
- Ученик сторител- секој ученик за кој училиштето има сознанија или за којшто постојат основани сомненија дека сторил насилство.
- Сторител- секој ученик и/или возрасен за кој училиштето има сознанија или за којшто постојат основани сомненија дека сторил насилство.
- Вработени- сите вработени во училиштето.
- Наставници- сите наставници вработени или ангажирани во училиштето.
- Стручни соработници- сите стручни соработници вработени или ангажирани во училиштето (педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, социолог, социјален работник, библиотекар и друго).
- Контакт лице за пријавување насилство: Катерина Ефремова (психолог)
- Заменик на контакт лицето за пријавување насилство: Љубенчо Ристов (наставник) и Марија Левкова Куновска (наставник)
- Дете- секој ученик/чка на возраст до 18 години.
- Помладо возрасно лице- секој ученик/чка на ворзаст од 18 до 21 година.
- Виктимизација- трпење на штетни последици од страна на лице поради преземање дејства за заштита, односно пријавување на насилство, започнување постапка за заштита, сведочење во текот на постапката или на друг начин учество во постапка за заштита од насилство, дискриминација или друга повреда на правата.

**1.5.Принципи**

Училиштето го спроведува овој документ врз основа на фундаменталните принципи:

- Најдобар интерес на детето
- Почитување на различностите и забрана за дискриминација
- Почитување на правото на самоопределување
- Учество

- Приватност
- Доверливост
- Жртвата не е виновна
- Пропорционалност
- Информираност
- Стручност и одговорност
- Должно внимание
- Забрана за непотизам и корупција

При спроведувањето на мерките и активностите за превенција и заштита од насилство над ученици, училиштето не смее да ги прекрши фундаменталните принципи, а активностите и мерките кои се преземаат не смеат да резултираат со повреда на принципите.

**1.5.1.Најдобар интерес на детето**

Најдобриот интерес на детето подразбира постапување и одлучување при што примарно значење имаат интересите на детето за негова заштита, воспитување и правилен раст и развој и ефектите што таквото постапување односно одлучување ги има врз детето.

Најдобар интерес на детето е преовладување на тој интерес над интересите на родителите, старателите, училиштето, институциите или заедниците во ситуации кога овие интереси се разликуваат од интересите на детето.

При одлучување за најдобриот интерес на детето, училиштето ги зема предвид сите карактеристики на детето и контекстот во кој живее. Карактеристики на детето кои се земаат предвид се неговиот род, возраст, здравствена состојба, семејна состојба, социјален статус и економска состојба, етничка припадност, попреченост и која било друга карактеристика.

**1.5.2.Еднаквост и забрана за дискриминација**

При примената на овој документ училиштето не смее да прави разлики во постапувањето со и во третманот на ученик жртва, ученикот сторител, нивните родители/старатели, возрасен сторител, вработените, другите ученици и возрасни засегнати од насилството, а врз основа на раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, пол, род, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, други видови уверувања, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус, или кој било друг основ.

Примената на овој принцип не го спречува училиштето да ги земе предвид карактеристиките на ученикот, карактеристиките на неговите родители/старатели и мотивот за насилството и врз нивна основа да донесува одлуки и да спроведува соодветни мерки за превенција и заштита од насилство, а мерките и пристапот да ги прилагоди на специфичните потреби и прилики на секој ученик. Напротив, различностите придонесуваат кон различен степен на ранливост на насилство, различно доживување на насилството, различни последици и реакции на насилството, кои училиштето мора да ги има предвид.

Училиштето не смее да донесува одлуки во врска со заштитата од насилство засновани на стигма и предрасуди. Училиштето не смее да ги перпетуира и да ги зацврстува стигмата и предрасудите на која било основа, во ниту една сфера од своето делување, а особено при спроведувањето на заштитата и превенцијата од насилство. Стигмата и предрасудите доведуваат до дискриминација, а многу често ја зголемуваат ранливоста на насилство или се директна причина за насилството.

### 1.5.3. Почитување на правото на самоопределување

При спроведувањето на овој документ училиштето го почитува правото на самоопределување на ученикот. Секој ученик има право на самоопределување во врска со неговиот личен идентитет, поврзан со религијата, националната или етничката припадност. Училиштето не смее да се замешува, да го преиспитува, да се обидува да го промени или да го осудува ученикот за неговиот избор поврзан со самоопределувањето.

### 1.5.4. Учество

При спроведувањето на овој документ училиштето е должно да ги вклучува сите засегнати страни, пред сè учениците жртви, учениците сторители, учениците сведоци на насилството, кој било друг ученик или возрасен засегнат од насилството, родителите или старателите. Секогаш кога ќе се процени дека има потреба, училиштето ќе вклучи претставници од други институции како, центар за социјална работа, здравство, полиција, јавно обвинителство, локалната самоуправа како и надворешни експерти од одредена област или претставници од здруженија на граѓани кои имаат знаења и експертиза за спречување и заштита од насилство.

Во случаи во кои училиштето проценува дека вклучувањето на родителите/старателите или која било друга страна е спротивно на интересот на детето или со нивното вклучување може да се случи виктимизација, директен ризик или зголемување на ризикот од која било форма на насилство, училиштето нема да ги вклучи родителите/старателите. Доколку станува збор за дете, за оваа одлука училиштето ќе го извести Центарот за социјална работа, а понатамошните мерки и активности ќе се спроведат во консултација и соработка со службите за социјална и детска заштита.

Мислењето, желбите и потребите на учениците жртви се во фокусот при донесувањето одлуки и спроведувањето на мерките и активностите за заштита од насилство. Училиштето е должно да го вклучи ученикот жртва во донесувањето на одлуки и да му ги објасни на разбирлив начин, соодветен за возраста, зрелоста и капацитетите на ученикот сите одлуки, можности, постапки и последици.

### 1.5.5. Приватност

Секое дете има право на приватност. Училиштето ја почитува приватноста на учениците при спроведувањето на овој документ.

Училиштето не смее да го изложи ученикот на самоволно или незаконско замешување во приватниот и семејниот живот, неговиот дом или неговите лични преписки, како ни на напади на неговата чест, углед и достоинство.

Училиштето е должно да разговара во приватни простории со учениците при спроведувањето на мерките за заштита на ученик жртва и мерките за промена на однесувањето на учениците сторители. При одлучувањето и спорведувањето на овие мерки ќе се вклучат само неопходните лица.

**1.5.6. Доверливост**

Сите информации поврзани со случајот на насилство, жртвата и сторителот, како и информациите на другите страни засегнати од насилството се доверливи.

Секој вработен во училиштето, или други стручни лица, кои имаат какви било информации за случајот на насилство, имаат обврска да ги чуваат и не смеат да ги споделуваат со лица кои не се вклучени во овозможувањето заштита и поддршка.

Училиштето може да ги известува медиумите за случаи на насилство, во обем и на начин на кој ќе се заштитат личните податоци на сите вклучени и засегнати од случајот, согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци. При информирањето на медиумите училиштето е должно да обезбеди согласност од жртвата, освен во случаите во кои медиумите веќе знаат за случајот и бараат информации од училиштето.

Училиштето е должно да му објасни на разбирлив начин, што значи доверливоста и кои се останатите лица со кои ќе биде споделена информацијата, нивната улога и обврски во понатамошните постапки, мерки и активности.

Вработениот на кој ученикот му се доверува за насилството не смее да гарантира апсолутна доверливост на ученикот доколку процени дека информациите за случајот на насилство треба или има обврска да ги сподели со други лица, надлежни за овозможување заштита и поддршка.

**1.5.7. Жртвата не е виновна**

Училиштето не смее да создава атмосфера во која жртвата на насилството или нејзините родители/старатели се обвинува за истото.

Училиштето презема соодветни мерки на обезбедување за да осигура дека ученикот нема да се стекне со впечаток дека со пријавување на насилството создава проблеми во училиштето. Овие мерки подразбираат комуникација со ученикот со смирен тон и постојано вербално уверување дека е исправно што пријавил и дека тоа е од голема помош за училиштето, објаснување на значењето на пријавувањето насилство и негативните последици од премолчувањето и слично.

При пружањето заштита и поддршка на жртвата, училиштето ги уважува и им дава легитимитет на личните доживувања на жртвата без да се повикува на факти кои изгледаат како очигледни.

Активностите и мерките за заштита на ученикот жртва на насилство не смеат да резултираат со виктимизација, исклучување или изолирање, непосреден ризик или зголемен ризик на кој било вид насилство по жртвата.

Дури и во случаите во кои ќе се утврди дека обвинетиот за насилството истото не го сторил, жртвата не смее да се обвинува дека лажела или дека не требала да пријави.

Доколку сторителот е ученик, училиштето ќе донесе одлуки поврзани со мерките и активностите кон сторителот засновани на разбирање и информираност за условите, карактеристиките и контекстот во кој живее ученикот сторител.

**1.5.8. Пропорционалност**

Училиштето презема пропорционални мерки и активности во врска со превенцијата и заштитата од насилство.

Пропорционалност означува дека мерките на заштита и поддршка кон жртвата ќе бидат целисходни и сразмерни на последиците од насилството. Мерките кои се премногу заштитнички можат да придонесат кон обележување на жртвата како таква во околината, дополнително намалување на самодовербата и губење на социјалните контакти, кои во одредени случаи се клучна поддршка за жртвата да ги надмине последиците од насилството.

Пропорционалноста означува дека мерките кои ќе се преземат кон ученикот сторител ќе бидат целисходни и сразмерни со сериозноста на насилството и последиците кон жртвата. Мерките кон ученикот сторител имаат за цел превенција од повторување на насилството и ресоцијализирање преку психо-социјална поддршка, едукација и влијание на факторите кои придонеле кон насилното однесување. Педагошките мерки се спроведуваат исклучиво во согласност со Законот за средно образование и само во случаите кога другите мерки и активности не донеле резултати.

**1.5.9. Информираност**

При уписот на ученици, училиштето е должно да го информира родителот/старателот и ученикот на разбирлив начин соодветен на возраста и зрелоста за содржината на овој документ.

Училиштето го објавува овој документ на својата веб страница, заедно со останати релевантни документи и материјали за спречување и заштита од насилство над учениците.

При овозможувањето на заштитата и поддршката на ученикот жртва, вработениот во училиштето ќе го информира ученикот за постапката, можностите и последиците, на разбирлив начин, соодветен на возраста и капацитетите на ученикот. Доколку вработениот не го знае одговорот на некое прашање, не смее да дава неточни или непроверени информации на ученикот. Вработениот ќе го провери одговорот и дополнително ќе го информира ученикот.

При спроведување на заштитата од насилство училиштето ќе се труди да овозможи ученикот сам да донесе одлуки засновани на информираност.

**1.5.10. Стручност и одговорност**

Секој вработен во училиштето може да се најде во улога на прво лице на кое ученикот се доверува за насилството. Училиштето ќе се осигура дека вработените во училиштето, а особено наставниците и стручните соработници ги имаат потребните вештини, знаења и вредности за да

овозможат соодветна заштита и поддршка, како и донесување на одлуки засновани на знаења и факти во согласност со современите научни сознанија за превенција и заштита од насилство.

Сите одлуки донесени од училиштето и вработените, а поврзани со мерките и активностите за поддршка и заштита од насилство, мора да се оправдани или оправдливи и во согласност со принципите, позитивните прописи, стручноста и современите знаења од областа.

**1.5.11. Должно внимание**

Училиштето постапува со должно внимание при спроведувањето на ова упатство, односно при воочувањето на насилството, интервенциите за спречување на насилството, заштитата на ученикот жртва и мерките за промена на однесувањето на ученикот сторител.

Принципот на должно внимание означува обврска на вработените да се однесуваат со потребното внимание и грижа во спроведувањето на мерките и активностите за превенција и заштита од насилство, кое би можело да се очекува од разумно, претпазливо и одговорно лице, со свесност за последиците и можните ризици од (не)преземањето на конкретни мерки и дејства.

**1.5.12. Забрана за непотизам и корупција**

Училиштето и вработените при спроведување на заштитата и превенцијата од насилство делуваат независно, непристрасно и самостојно, во согласност со ова упатство и останатите позитивни прописи.

При спроведувањето на ова упатство се почитуваат одредбите од Законот за спречување корупција и судир на интереси. Секој вработен во училиштето е должен да ги пријави сознанијата за прекршувањето на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси да го пријави во Државната комисија за спречување на корупцијата.

Ниту еден вработен во училиштето при спроведување на мерките и активностите за спречување и заштита од насилство не смее да делува и/или да се воздржи од делување, под влијание на примена корист од каков било вид или ветување за примање на корист.

Доколку вработен во училиштето кој одлучува за и спроведува мерки и активности за заштита од насилство, има судир на интереси, должен е истиот да го изјави и да се изземе од тимот. Под судир на интереси се подразбира состојба во која вработеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите должности за превенција и заштита од насилство (на пример, жртвата или сторителот се роднини или пријатели на вработеното лице).

**1.6.Видови насилство**

Под насилство се подразбираат сите форми на физичко, психичко, емоционално, социјално, сексуално и кибер насилство, повреди или злоупотреба, занемарување или несовесно постапување, малтретирање или експлоатација.

За насилство зборуваме кога некој намерно ќе повреди и ќе направи другиот да се почувствува непријатно, загрозено или повредено.

**1.6.1. Злоупотреба**

Злоупотребата претставува насилство што се повторува често врз истата личност.

Злоупотреба во училиштен контекст претставува сѐ што некој поединец или институција прави или не прави, што директно влијае или индиректно му наштетува на ученикот или ја намалува можноста за безбеден и здрав развој и го доведува до чувство на немоќ, нерамноправна и зависна позиција од некој поединец/институција.

**1.6.2. Занемарување**

Занемарување или негрижа значи неуспех да се задоволат физичките и психолошките потреби на ученикот, да се заштитат од опасност, или да се даде медицинска грижа, регистрација во книгата на родени или други услуги, кога оние кои се одговорни за грижата за учениците имаат средства, знаење и пристап до услугите за да го сторат тоа. Занемарувањето се разликува од сиромаштија, кога родителите/старателите и покрај најдобрата желба не се во состојба да му пружат на ученикот она што му е развојно потребно.

Занемарување во училиштен контекст претставува негрижливо постапување, односно пропусти и недоволна насоченост и посветеност на возрасните/вработените во училиштата, родителите/старателите и одговорните служби во однос на учениците, односно неможност да одговорат на нивните основни развојни потреби и барања. Ова подразбира занемарување на основните услови за сместување, безбедност и сигурност на ученикот, занемарување на правилниот надзор и заштита од повреди, недавање на соодветна нега и здравствена грижа, несоодветна исхрана, запоставување на емоционалните потреби на ученикот, образовно и воспитно занемарување.

**1.6.3. Експлоатација**

Експлоатација на ученици се однесува на искористување на ученикот и/или неговата работна сила од страна на родителите или старателите, или трети лица во кои ученикот има доверба, а во корист на други лица или институции. Тоа опфаќа и киднапирање и продажба на ученик заради работна или сексуална експлоатација. Последици од експлоатација се нарушување на физичкото и менталното здравје, нарушување/прекинување на образовниот процес, како и на моралниот, социјалниот и емоционалниот развој на ученикот.

**1.6.4. Физичко насилство**

Физичкото насилство претставува однесување каде преку употреба на физичка сила и со или без други средства се посегнува по телото на ученикот.Физичкото насилство може да има фатален и/или нефатален исход, а се однесува на:

- физичко малтретирање помеѓу учениците или од страна на возрасен, и

- секое физичко казнување и сите други облици на тортура, сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

Телесно казнување претставува користење на физичка сила со цел да се предизвика одреден степен на болка или непријатност, колку и да е мала.

**1.6.5. Психичко и емоционално насилство**

Психичкото насилство претставува психолошко малтретирање, вербална злоупотреба и емоционална злоупотреба или занемарување, кое може да вклучува:

- Сите форми на постојани штетни интеракции со учениците, на пример, кажување или посочување дека се безвредни, несакани, непосакувани, загрозени или дека вредат само за задоволување на потребите на другите;
- Заплашување, тероризирање и закани, искористување, отфрлање, игнорирање и изолирање;
- Негирање на емотивната реакција на ученикот, занемарување на неговото ментално здравје, на медицинските и образовните потреби;
- Навредување, понижување, омаловажување, исмевање и повредување на чувствата на ученикот;
- Изложеност на семејно насилство;
- Ставање во самица, изолација или ставање во ќош или ходник како начин на казнување;
- Психолошко малтретирање од возрасни или други ученици, вклучително и преку информатичко-комуникациски технологии (ИКТ), како што се мобилните телефони и Интернет (познато како „кибер насилство“).

Емоционално/психолошко насилство претставува такво однесување кое доведува до моментално или трајно загрозување на психичкото и емоционалното здравје и достоинството на учениците. Се однесува и на ситуации во кои има пропусти за обезбедување на адекватна и поддржувачка средина за здрав емоционален и социјален развој во согласност со потенцијалите на ученикот.

Емоционалното насилство во училиштето опфаќа постапки со кои се врши етикетирање, игнорирање, навредување, уцена, обраќање со погрдни имиња, потценување, озборување, исмевање, неприфаќање, изнудување, манипулирање, заканување, застрашување, ограничување на движењето на ученикот, како и други облици на непријателско однесување.

**1.6.6. Социјално насилство**

Социјалното насилство ги вклучува следните облици на однесување: одвојување на ученикот од другите врз основа на различноста, доведување во позиција на нерамноправност и нееднаквост, дискриминација, недружење, игнорирање и неприфаќање по која било основа, исклучување од групата и изолација.

**1.6.7. Сексуално насилство**

Сексуалното насилство претставува вербално, физичко или симболичко однесување од сексуална природа со кое ученикот сексуално се вознемирува, наведува или приморува на учество во активности од сексуална природа кои ученикот не ги сака, не ги разбира или нема постигнато соодветно ниво на психо-социјален развој за да може да даде согласност. Сексуалната злоупотреба и експлоатација вклучуваат:

- Поттикнување или присила на ученик да се ангажира во каква било незаконска или психолошки штетна сексуална активност;
- Употреба на ученикот во аудио или визуелни слики за детска сексуална злоупотреба;
- Детска проституција, сексуално ропство, сексуална експлоатација за патувања и туризам, трговија со луѓе (во и помеѓу земји) и продажба на ученик за сексуални цели и присилен брак.

Многу деца доживуваат сексуална виктимизација која не е придружена со физичка сила или контрола, но која сепак е психолошки наметлива, искористувачка и трауматична.

### 1.6.8. Врсничко насилство (булинг)

Врсничкото насилство (булинг) претставува збир на намерни негативни постапки, задавање или настојување да се зададе повреда или друг вид на непријатност и штета на друг ученик/ци. Овие постапки се подолготрајни и насочени кон ист ученик/ученичка или група на ученици од страна на еден ист ученик/ученичка или група на ученици. Булингот како поим означува агресија на еден кон друг ученик, најчесто посилниот кон послабиот, при што напаѓачот и нападнатата страна може да биде поединец или група. Булингот може да се манифестира како физичко, психолошко или емоционално, социјално или сексуално насилство.

### 1.6.9. Кибер насилство

Кибер насилството претставува облик на малтретирање и вознемирување преку користење на компјутер, мобилен телефон или слични уреди. Тоа подразбира праќање на навредувачки, деградирачки и непосакувани СМС- и ММС-пораки, фото и видеоклипови, праќање на имејл, чет, блогови (место каде што се случува директна комуникација на лица со размена на информации, мислења, активности и сл.), вознемирување преку телефонски повици, посетување на веб-страници со несоодветни содржини, онлајн радикализација, виртуелно сексуално насилство во видео игри, насилство преку користење на социјалните мрежи какви што се ТикТок, Снепчет, Инстаграм, Фејсбук, Вајбер, Скајп и слични апликации.

### 1.6.10. Насилство мотивирано од омраза или предрасуди

Сите видови насилство можат да бидат мотивирани од омраза или предрасуди поврзани со личните карактеристики на ученикот жртва, на неговите родители/старатели, браќа/сестриили други членови на неговото семејство, негови другари, како род, родов идентитет, сексуална ориентација, раса, боја на кожа, етничка и национална припадност, религија или верување, политичко убедување, попреченост или која било друга основа.

При спроведувањето на мерките и активностите за превенција и заштита од насилство, вработените препознаваат доколку насилството е мотивирано од омраза и предрасуди,

континуирано делуваат превентивно преку едукација, отворено разговарање и дебатирање за предрасудите, обезбедување на безбеден простор за разговор на „табу“ теми, поттикнување на критичко размислување и медиумска писменост со цел стекнување демократски вредности и формирање ставови засновани на факти и научни докази.

### 1.6.11. Родово засновано насилство

Родово заснованото насилство во училиштата се препознава во форма на сексуално, физичко, или психолошко насилство што се одржува како последица на родовите норми и стереотипи, и нееднаквата динамика на сили (дистрибуција на моќ) помеѓу различните позиции на мажот и жената во општеството. Родовите стереотипи доведуваат до различни норми за однесувањето и различни очекувања од момчињата и девојчињата, кои значат стимулирање и толеранција на насилничко оденсување помеѓу момчињата и социјалзација преку усвојување на насилнички обрасци на однесување. Многу често момчињата поради научено однесување и/или со цел да бидат прифатени од групата се однесуваат понасилно и доминантно, додека момчињата кои ги немаат овие карактеристики можат да бидат отфрлени и етикетирани од средината како „недоволно мажи“ и како такви да бидат жртви на насилство.

Родово заснованото насилство се појавува и во интимните партнерски врски на учениците, кои многу често почнуваат од средното училиште. Партнерското насилство кон ученичките се манифестира со забранување или контрола на движењето, изолирање од социјалниот круг, љубомора, уценување и забранување девојчето да се облекува како сака и друго. Девојчињата поради научено однесување и поради очекувањата од средината, многу често ваквото однесување не го препознаваат како насилство, можат да соучествуваат во истото и го прифаќаат како „нормално“.

### 1.6.12. Обрасци на насилничко однесување наспроти инциденти

Насилството може да се појави во форма на изолиран инцидент кој нема позадина во претходно насилничко однесување. Но, најчесто насилството се повторува или трае подолг период, преку опстојување на обрасци на насилничко однесување, кои повремено манифестираат инцидент на насилство.

Училиштето енасочено кон обрасцитена насилничкото однесување, што се користат во подолг временски период, некогаш и со генерации, наспроти исклучиво насочување на мерките и активностите кон изолирани инциденти.Ова во никој случај не значи дека училиштето нема соодветно да реагира на инцидент на насилство, туку дека со промената на обрасците на насилничкото однесување се намалува насилството во училиштето на долг рок, а тоа бара многу повеќе внимание и работа на училиштето. За разлика од обрасците, инцидентите на насилство можат да се намалат, но секогаш ќе постојат за што е потребен ефикасен одговор.

Обрасците сведочат за она што е стекнато, научено, како норма и вредност, поради што насилството често останува непрепознаено. Пример за насилен образец е контролата во интимните релации, преоблечена во „љубов“, „грижа“, „заштита“ и сл.

Со цел отстранување на обрасците на насилничко однесување училиштето континуирано спроведува превентивни активности.

**1.6.13. Поделба на насилството по нивоа**

Во прилог 1 видовите насилство се поделени на три нивоа во три табели. Поделбата по нивоа во табелите служи како патоказ при одредување на мерките кои се спроведуваат во фазата на интервенција. Поделбата по нивоа во ниту еден случај не значи дека насилството од прво или второ ниво, особено ако се повторува, не може да биде подеднакво сериозно. Доколку преземањето дејства согласно поделбата на насилството по нивоа, би довела до прекршување на основните и фундаментални принципи од глава 2, предност се дава на принципите, согласно процената на училиштето.

**1.6.14. Ученик жртва и ученик сторител**

Секој ученик во одредени околности може да биде жртва или сторител на насилство.

Секој случај на насилство е различен и сите ученици се различни во своите карактеристики, потреби, вредности и желби. Училиштето засебно одлучува за секој случај на насилство и ги зема предвид околностите во кои тоа се случило и личните каратеристики на жртвата и сторителот.

Во продолжение се наведени најчести карактеристики на учениците жртви и учениците сторители, со цел полесно препознавање на насилството. Ова во никој случај не значи дека во секој случај на насилство ќе се појават овие карактеристики кај учениците жртвите и учениците сторителите.

**Ученик жртва**

Ученици кои најчесто се изложени или можат да бидат изложени на насилство се:

- ученици кои имаат ниска самодоверба и самопочит, што се воочува и физички (премногу се слаби или премногу крупни, ниски, деца со хронични здравствени проблеми, деца кои употребуваат различни помагала како очила, протези итн.),
- девојчиња, како ученици под зголемен ризик од родово засновано насилство,
- ЛГБТИ ученици или ученици чии родители се ЛГБТИ,
- ученици со попреченост или посебни образовни потреби,
- ученици од различни немнозински етнички, религиски или социјални групи,
- ученици кои се надарени,
- нови ученици во паралелката,
- ученици кои немаат родители, живеат во еднородителски семејства или други форми на неконвенционални семејства,
- ученици кои се посиромашни од останатите, и слично.

Учениците жртви се најчесто пасивни, срамежливи, тивки и анксиозни, емоционално пречувствителни, лесно заплачуваат и се повлекуваат во себе, плашливи се и за нив се знае дека нема да возвратат, ќе се повлечат ако некој ги нападне. Тие не се агресивни, но ако подолг период се изложени на насилство, стануваат раздразливи и можат да возвратат.

**Ученик сторител**

Учениците кои е најмногу веројатно да сторат насилство:

- се однесуваат агресивно кон родителите, другите ученици, наставниците,
- имаат потреба да доминираат, односно сакаат да владеат над другите и да ја покажуваат својата моќ така што на ваков начин бараат внимание и признание,
- сметаат дека се подобри и повредни од другите,
- не прифаќаат неуспех, не се толерантни, не прифаќаат различности
- и самите биле жртви или сведоци на насилство во домот, околината или училиштето.

Учениците сторители на насилство често сакаат да ги контролираат другите преку физичко напаѓање или омаловажување; импулсивни се и манипулативни, често имаат потреба за стекнување материјална корист.

Учениците кои се однесуваат насилно имаат изразени тешкотии да сочувствуваат со другите и не можат да разберат како се чувствува ученикот кој трпи насилство. Овие ученици имаат тешкотии да ги предвидат, да ги разберат причината и последицата од своето однесување и не можат да прифатат одговорност за своите постапки. Зад оваа слика на супериорност често се крие несигурност, сомнеж во сопствените вредности и ниска самопочит, па агресивноста е одбрана и прикривање на својата внатрешна слабост. Насилното однесување на овие ученици често се манифестира преку бес, презир и омраза, што се во функција на одбрана од внатрешната напнатост, несигурност, потиштеност и депресивност, кои често се последица од случувањата во домот, односно средината во која ученикот живее.

Момчињата можат да се најдат во улога на сторители поради притисокот и очекувањата на средината да се однесуваат согласно родовите улоги т.е. „како вистински мажи“, да бидат доминантни, агресивни и да не прифаќаат „не“ како одговор.

**2. Политика за превенција од насилно однесување и спречување на насилство**

Превенцијата од насилното однесување и спречувањето на насилството во училиштето претставува збир на мерки и активности кои имаат за цел создавање безбедно и сигурно опкружување, развивање и негување на атмосфера на соработка, почитување на различностите, конструктивна комуникација и следење на одредени правила на однесување во рамките на воспитно-образовните активности, развивање на вештини за препознавање и ефикасно реагирање во ситуации на насилство.

Мерките и активностите за спречување на насилство се спроведуваат преку:

- зајакнување на капацитетите, улогата и надлежностите на вработените во училиштето во спроведување на мерки и активности за спречување и заштита од насилство;
- едукација и покренување на свеста кај учениците и родителите/старателите;
- на кој било друг начин согласно потребите.

**2.1.Зајакнување на капацитетите, улогата и надлежностите на вработените во училиштето во спроведување на мерки и активности за спречување и заштита од насилство**

Директорот на училиштето во соработка со стручните соработници спроведува континуирани обуки, а најмалку два пати годишно, за спречување и заштита од насилство. Училиштето ги прилагодува обуките на моменталните знаења, капацитети и потреби на вработените во училиштето. За реализација на обуките училиштето може да соработува со надворешни експерти, образовни институции и здруженија на граѓани.

Училиштето ги спроведува следните обуки:

1. Најмалку една обука годишно за спроведување на оваа политика и протокол и

2. Најмалку една обука годишно за зголемување на знаења и вештини на наставници за спроведување на работилници и активности помеѓу учесниците за превенција од насилство и дискриминација во училиштето.

Училиштето веднаш по засновање на работен однос го информира вработеното лице за содржината на овој документ, неговите обврски во спроведувањето и му овозможува дополнителна едукација или информации со цел да се осигура дека вработениот ги има потребните знаења, вештини и вредности за превенција и заштита од насилство. Нововработените лица задолжително се вклучуваат на годишно ниво во горе-наведените обуки.

Училиштето соработува со други обрзаовни институции, здруженија на граѓани и меѓународни организации со цел унапредување за спречувањето и заштитата од насилство.

**2.2.Едукација и покренување на свеста кај учениците**

При спроведувањето на активностите за спречување на насилство, вработените имаат предвид дека насилството е комплексен проблем кој може да се намали преку покренување на свеста и промена на вредностите за различностите, човековите права, родовата еднаквост, ненасилна комуникација, развивање на емпатија и почитување на интегритетот и достоинството на другите.

Училиштето континуирано работи на едукација и покренување на свеста кај учениците во врска со спречување насилство.

Раковидителот на паралелката има обврска да го претстави овој документ на часот на одделенската заедница, веднаш по почетокот на учебната година, преку дискусија и интерактивни вежби и размена на мислења. Раководителот на паралелката може да предвиди повеќе часови, колку што смета дека е потребно, со цел разбирање на содржината на овој документ, дискусија и едукација на учениците.

Раководителите на паралелките најмалку еднаш годишно, и секогаш кога има потреба на класниот час разработуваат содржини, спроведуваат работилници, интерактивни вежби и дискусии на теми поврзани со спречувањето и заштитата од насилство, согласно потребите на класот.

Раководителите на паралелките се должни да разговараат со родителите/стартелите за спречување и заштита од насилство, преку претставување на овој документ на средбите со родителите/старателите, да побараат од нив да го прочитаат, да дискутираат со нив за содржината, да промовираат демократски родителски стилови и соглсано можностите, да ги вклучуваат во активностите за спречување од насилство.

Наставниците по спорт и спортски активности преземаат активности за спречување на насилството, како едукација на учениците, развивање на правила за ненасилно однесување во спортот, навивање без користење на говор на омраза и навреди и други активности согласно потребите.

Забрането е во училиштето да се предаваат и дистрибуираат материјали кои на кој било начин би можеле да стимулираат насилничко однесување, омраза кон различните на која било основа (како расизам, национализам, ксенофобија, шовинизам, хомофобија и трансфобија), зацврстување на стереотипите, радикализација и негирање на правата на другите.

Учениците во рамки на ученичкото организирање и учество, како ученичкиот парламент и ученичкото организирање на ниво на паралелка, можат да спроведуваат активности за превенција од насилство кои вклучуваат предавања, работилници, културни активности, развивање на сопствени практики и правила за постапување во случаи на насилство, формирање на врснички групи за поддршка на жртвите на насилство и слично. Ученичкиот правобранител може да спроведува активности за спречување на насилство, да ги информира стручните соработници или наставниците за случај на насилство и да се грижи за унапредувањето на превенцијата и заштитата од насилство во училиштето. Директорот на училиштето е должен да обезбеди услови за реализирање на овие активности како простор, технички и финансиски средства. Стручните соработници се должни да соработуваат со и да ги насочуваат учениците при спроведувањето на овие активности.

**3. Протокол за постапување во случаите на насилство**

Во протоколот за постапување во случаите на насилство се предвидени интервентни мерки и активности кои се преземаат во училиштето со цел заштита на ученикот-жртва и промена на однесувањето на ученикот-сторител. Целта на интервенцијата во случаите на насилство е да се прекине насилството, да се заштити жртвата, да се спречи повторување на насилството, да се промени однесувањето на сторителот и да се влијае на факторите кои придонеле до појавување на насилството.

Секој случај на насилство е различен и затоа за секој случај треба да се проценува поединечно кои мерки треба да се преземат, во согласност со принципите на овој документ.

Во продолжение документот нуди насоки за мерките и активностите кои треба да се преземат за заштита на учениците од насилство. Но, документот не треба да се сфати како готови решенија, туку како рамка на делување.

### 3.1. Препознавање и пријавување на насилство

Секој е должен да пријави насилство или сомнеж за насилство над ученик, без разлика дали насилството се случило во училиштето, на патот до училиштето или училишниот двор, во домот на ученикот или кое било друго место.

Контакт лице за пријавување насилство е:

1. Катерина Ефремова, психолог

контакт: k_efremova@yahoo.com

Заменик:

2. Љубенчо Ристов, наставник

контакт: ristovljubenco@yahoo.com

Наставниците, стручните соработници и директорот во училиштето се должни да го препознаат насилството, во секојдневното работење да внимаваат дали во училиштето се случува насилство, дали некој ученик е жртва на насилство и дали некој ученик се однесува насилно. Доколку забележат насилство, наставниците, стручните соработници и директорот во училиштето се должни да го применат овој протокол. Доколку некој од вработените се сомнева на насилство, информацијата ќе ја сподели со стручните соработници и релевантни наставници (на пример раководителот на паралелката или друг наставник кој комуницира со учениците засегнати од насилството) кои понатаму ќе продолжат да ја набљудуваат состојбата или ќе продолжат со мерките за заштита од насилство.

Учениците ниту кое било друго лице кое пријавува насилство, не се должни да го пријават насилството кај контакт лицето за пријавување насилство или неговиот заменик. Вработениот до кој стигнала информацијата или пријавата за насилство е должен да го информира контакт лицето за пријавување насилство и заедно со него да одлучи каков вид на мерки за заштита ќе се спроведат.

Доколку ученикот жртва директно пријавува насилство на вработен во училиштето, треба да се земе предвид дека жртвата го одбрала тој вработен бидејќи најмногу му верува, па затоа тој вработен треба да остане вклучен во мерките за заштита и да продолжи да комуницира со ученикот жртва. Во одреден момент ученикот жртва треба да се праша дали сака да продолжи да комуницира со тој вработен или сака да се назначи друго лице.

Вработените во училиштето внимаваат на следните знаци кои можат да се појават кај учениците, поврзани со насилството:

- на физички и физиолошки план

Траги од различни повреди, модринки, лузни, изгореници, исекотини, искината облека, запуштен изглед, скршени односно искинати работи, проблеми со исхраната, болки во стомакот, главоболки, повраќање, скршеници, проблеми со спиењето (несоница или претерано долго спиење);

- на емоционален план

Плачливост, повлеченост, односно претерана активност, раздразливост, појава на невообичаени и претерани стравови, агресивно и автодеструктивно однесување, молчаливост, невообичаена говорливост, гледање во „празно“, ноќни кошмари, консумирање на алкохол/наркотици, страв да се остане сам, страв од дружење со други луѓе, лажење, грицкање нокти, нарушување на говорот и др.

- однесување во училиште/дома

Значајно намалување на училишниот успех, појава на неоправдани изостаноци, исчезнување на работи (мобилен телефон, предмети од облека, чанти/ранци, тетратки, пари...), немање концентрација за учење, доцнење, избегнување на одговорности, неносење домашни задачи, избегнување или неучествување во разновидни активности, избегнување на физички допир, силен страв од возрасни, манифестен страв од враќање дома или од одење во училиште, избегнување да се користи мобилен телефон или сличен уред или негово пречесто користење (кај кибер насилството) и сл.

***Некои наведени облици на однесување, поединечно или во одредена мера, може да бидат природни или развојни реакции. Важно е да се обрне внимание на екстремностите, зачестеноста, времетраењето и повторувањето, како и на комбинацијата на поединечните симптоми.***

**3.2. Прекинување на насилството**

Начинот на прекинување на насилството зависи од видот на насилство, бројот на ученици вмешани во истото и нивната возраст.

Вработените и лицата од службата за обезбедување се должни веднаш да го прекинат насилството. Запирањето на насилството е обврска на секој вработен кој ја добил информацијата за случајот или бил сведок на насилството.

Доколку станува збор за посериозна форма на насилство (како на пример тепачка во која учествуваат поголем број ученици, физичко насилство во кое учениците употребуваат нож или друго оружје), вработените ја повикуваат службата за обезбедување со која можат да одлучат да повикаат полиција.

Доколку сторител на насилство е помладо возрасно лице- ученик, а станува збор за посериозна форма на насилство од табела 2 или табела 3, училиштето ќе повика полиција.

Во случаите кога вработените се сомневаат дека некој ученик е жртва на каков било вид насилство, без разлика каде се случува и без разлика кој е потенцијалниот сторител, вработените

го информираат контакт лицето за пријавување насилство, по што контакт лицето разговара со ученикот и/или со други лица кои би можеле да имаат сознанија. Наставниците и стручните соработници разговараат и со родителите, освен во случаите кога разговорот со родителот не е во најдобар интерес на детето, на пример, постои сомнеж дека родителот е сторител или на друг начин одговорен за насилството, или пак вмешувањето на родителот би можело да предизвика насилство врз ученикот. Во овие случаи секогаш е препорачливо да се извести Центар за социјална работа.

Доколку станува збор за насилство кое се случило во домот на ученикот или на друго место, а вработените ја добиле информацијата преку видливи знаци на телото на ученикот и согласно неговото однесување, вработениот кој тоа го забележал го известува контакт лицето за пријавување насилство, кое во соработка со останатите стручни соработници и релевантни наставници можат да разговараат со ученикот или други лица со цел да добијат попрецизни информации. Овие случаи училиштето ги пријавува во Центарот за социјална работа.

**3.3. Смирување на ситуацијата**

Откако насилството е прекинато, вработените преземаат мерки за смирување на ситуацијата. Во оваа фаза, вработениот кој го прекинал насилството задолжително го информира и го вклучува контакт лицето за пријавување на насилство, кое ја води оваа фаза.

Кога станува збор за инцидент на насилство, без значајни последици, кој се случува прв пат како наведените во табела бр. 1, вработениот кој го прекинал насилството треба веднаш да реагира и да се обиде да ја смири ситуацијата и е обврзан е случајот да го пријави кај стручните работници и да побара помош од нив. Во случај да процени дека не може самостојно да делува или ситуацијата почнува повторно да ескалира, ќе го повика контакт лицето.

Кога станува збор за инцидент на насилство од табела 1, кој се повторува, или за насилство од табелите број 2 и 3, вработениот е должен да го повика контакт лицето.

Контакт лицето за пријавување насилство, проценува зависно од околностите на случајот, дали ќе ги повика и вклучи други вработени во училиштето, како одредени наставници, стручни соработници и/или директорот. Контакт лицето може да одлучи во оваа фаза да повика и претставници од други институции како претставници од МВР, Центар за социјална работа, здравство или кое било друго лице кое согласно екпертизата и службената положба може да помогне во смирување на ситуацијата. Кога станува збор за случаи на насилство од табела број 3, мора да се повикаат претставници од други институции. Секогаш кога повикува други институции, контакт лицето ќе го информира директорот, освен во случаите кога поради итност мора веднаш да се повика полиција.

Во случаите кога се вклучуваат претставници од други институции, за најголем дел од случаите е препорачливо контакт лицето и вработените во училиштето да ги направат разговорите со учениците, наместо претставниците од другите институции кои за учениците се непознати и многу е веројатно да предизвикаат страв или вознемиреност кај учениците, особено од униформиран полициски службеник. Сепак доколку станува збор за насилство од табела 3, особено насилство

кое претставува кривично дело, прво ќе постапат претставниците од МВР, ЦСР и здравство, а потоа вработените во училиштето ќе разговараат со учениците и ќе преземаат дополнителни заштитни мерки. Разговорите можат да се направат и наредниот ден или во првиот момент кога ќе се создадат услови.

И во случаите во кои ќе се вклучат претставници од други институции, училиштето продолжува да презема мерки и активности за смирување на состојбата, превенција од повторување на насилството и заштита на жртвата. Во овие случаи, контакт лицето за пријавување насилство интензивно соработува со претставниците од другите институции, заеднички се договараат и координираат за можните мерки, ги усогласуваат мерките, меѓусебно се известуваат за ефектот од мерките, потребата од нивна измена, интензивирање и прекинување. Доколку се појави ситуација во која училиштето проценува дека мерките кои ги преземаат другите институции не се соодветни, не се во најдобар интерес на детето, или пак претставниците од другите институции одбиваат соработка, не доаѓаат и не преземаат мреки, училиштето го известува надлежното министерство, Народниот правобранител или надлежните инспекторати. За овие случаи училиштето може да побара помош од здруженија кои работат на спречување и заштита од насилство или нудат бесплатна правна помош.

Во оваа фаза клучна цел е да се добијат информации за причините и факторите кои довеле до насилството, да се утврди што е можно попрецизно кој сѐ бил вмешан во насилството, колку време траело, дали се повторувало, кои се личните карактеристики на жртвата и сторителот, кои се желбите и потребите на жртвата, да се процени можниот ефект и последици по психо-физичкото здравје и развојот на ученикот жртва, какви се односите и врските со родителите/старателите, дали е потребно и соодветно да се информираат и да се вклучат во донесувањето на одлуки за мерките кон ученикот жртва и кон сторителот.

Овие мерки вклучуваат разговори со сите ученици вмешани во насилството, ученикот жртва, ученикот сторител и учениците набљудувачи. Разговорите со жртвата и со сторителот се прават одвоено, во посебни простории и без присуство на други ученици. Приватни разговори се препорачливи и со набљудувачите, бидејќи поради динамиката на групата, страв од исклучување или осудување, набљудувачите можат да се воздржат од давање на точни информации. Разговорите ги обавува контакт лицето или друг вработен на кој жртвата му се доверила, или ученикот сам бара да разговара со друго лице. Контакт лицето може да одлучи да вклучи и други вработени, наставници или стручни соработници во разговорите, согласно условите во кои се случил настанот. Но, треба да се има предвид дека разговорите во повеќето случаи ќе бидат поуспешни доколку во нив учествуваат што е можно помал број на лица и се случуваат приватно и се гарантира доверливоста. Од учениците, а особено жртвата, не смее да се бара да го прераскажуваат случајот повеќе пати, пред различни лица, или повеќе пати да им се поставуваат истите прашања во знак на недоверба кон веќе дадениот одговор или како обид „да се фатат во лага“.

Кога станува збор за случаи на насилство од табела 1 кои се повторуваат или случаи на насилство од табела 2 или 3, контакт лицето или друго вработено лице кое разговарало со учениците, доследно, без претерување, парафразирање или изведување на сопствени заклучоци, ќе ги

запише изјавите на сите ученици веднаш по завршувањето на разговорите. Додека трае разговорот контакт лицето или друг вработен може да запишува белешки, но не и да ги пишува целосно изјавите, бидејќи неопходно е посветено да го води разговорот, а вниманието да остане на учениците. За време на водење на разговорот, задолжително се пристуни и стручните соработници

Не треба да се очекува дека при првиот разговор учениците, а особено жртвата ќе ги соопшти сите детали во врска со насилството кое го искусила. Ова не значи дека жртвата и останатите ученици лажат, туку поголема е веројатноста да се заплашени од можните последици (останатите ученици да ги изолираат, да ги исклучат од друштвото, да ги нарекуваат со погрдни зборови, да се соочат со казни од родителите, нивните родители да се соочат со казни итн.), да чувствуваат срам и страв од осуда и/или да немаат доверба во лицата со кои разговараат. Затоа контакт лицето и другите вработени треба да бидат трпеливи, а разговорите да продолжат се додека има потреба.

Насоки за разговор:

- Трпеливо и внимателно слушајте ги учесниците, вклучувајќи ги и сведоците;
- Насочете го вниманието на конкретните постапки и однесување;
- Без осудување, согледувајте ја ситуацијата без намалување или преувеличување;
- Внимателно слушајте што учениците ви зборуваат, не само тие што трпат насилство, туку и тие кои го извршиле насилството, и тие кои ги набљудувале;
- Не интерпретирајте, не менувајте, не толкувајте, не заземајте страна;
- Користете речник што го користат и учениците кога зборуваат за насилство, злоупотреба и занемарување;
- Не подразбирајте, не претпоставувајте, прашувајте, а не тврдете;
- Проверете дали точно, правилно, сте разбрале што ви кажале учениците;
- Разговарајте смирено, не реагирајте шокирано, со недоверба;
- Покажете дека верувате во тоа што ученикот ви го зборува, за да го охрабрите да ви раскаже што повеќе;
- Не обвинувајте и не пресудувајте;
- Не се однесувајте и не поставувајте прашања на истражителски т.е. „полициски“ начин;
- Не ветувајте дека веднаш ќе биде сè во ред, тоа не е реално;
- Заедно со ученикот со кого се води разговорот одредете рамка и време на активности кои ќе ги преземете;
- Нагласете дека ќе се реализираат повеќе средби, за да ученикот знае дека сте тука за него и дека не завршува контактот со еден разговор;
- Кажете дека ќе направите сè што е навистина во ваша моќ;
- Не префрлајте ја одговорноста за реагирање на друг. Секој е обврзан да реагира во својот домен;
- Запознајте ги учесниците со наредните чекори, кој и каде ќе биде информиран и вклучен во процената и следењето на ситуацијата.

**3.4. Заштита од насилство и промена на однесувањето на сторителот**

По смирувањето на ситуацијата и добивањето информации од разговорите со сите вмешани и сведоци на насилството, училиштето одлучува дали и кои мерки на заштита ќе се спроведат.

Во случаите од табела 1 кои не се повторуваат, наставникот, стручниот соработник или директорот кој го прекинал насилството одлучува кои мерки ќе ги преземе. Наставникот, стручниот соработник или директорот може да одлучи физички да го оддели сторителот од жртвата (да го премести на друга клупа), да разговара со жртвата приватно, да ја праша дали и е потребна психо-социјална поддршка или разговор со психологот, педагогот или друго лице, да разговара со паралелката или набљудувачите, да им објасни зошто ваквото однесување е недозволиво и какви последици можат да настанат, со сторителот да разговара приватно и да му укаже дека не треба да го повтори однесувањето, да го упати сторителот на советување кај психологот, да им укаже на учениците на ненасилната комуникација и ненасилните начини на разрешување на конфликти. Особено е значајно, жртвата во ниту еден момент да не се почувствува казнета, како на пример, жртвата да се премести на друга клупа наместо сторителот, од жртвата да се бара да не носи одредена облека или предмет во училиштето, од жртвата да се бара да се извини, жртвата да се прати на задолжително советување кај психологот и слично.

Во случаите од табела 1 кои се повторуваат и случаите од табела 2, училиштето изработува писмен план за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот. Овој план го изработува контакт лицето, кое по сопствена процена одлучува дали и кои други лица ќе ги вклучи во изработката (наставниците, стручните соработници, директорот, претставници од други институции, екперти од областа, претставници од здруженија и сл).

Во случаите од табела 3, училиштето изработува план за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот, а во изработката на планот задолжително вклучува претставници од Центарот за социјална работа. Доколку станува збор за кривично дело задолжително се вклучува претставник од МВР. Доколку случајот на насилство има сериозни последици по физичкото и менталното здравје на ученикот, во изработката на планот задолжително се вклучуваат претставници од здравствените институции.

Планот за заштита на ученикот жртва и промена на однесувањето на сторителот може да вклучува:

- **Психо-социјална поддршка на жртвата од страна на училишниот психолог.** Сесиите на психо-социјална поддршка траат сè додека не се постигнат резултатите и сè додека лицата кои ја нудат поддршката проценуваат дека треба да се продолжи. Доколку жртвата добива психо-социјална поддршка надвор од училиштето, училишниот психолог ги координира своите активности со стручното лице кое работи со ученикот и заедно одлучуваат за видот и интензитетот на мерките на поддршка кои училиштето треба да ги преземе. Доколку училиштето процени дека нема капацитети да му овозможи психо-социјална поддршка на ученикот или ученикот има потреба од помош од страна на стручни лица од различни професии кои не работат во училиштето, ќе посредува со институциите од јавното здравство и/или специјализираните советувалишта за насилство на здруженијата на граѓани, со цел ученикот да ја добие психо-социјалната поддршка надвор од училиштето.

- **Мерки за физичко одделување на жртвата од сторителот.** Овие мерки се препорачува да се донесат во случаите од табела 1 кои се повторуваат или случаите од табела 2, додека за случаите од табела 3 задолжително е да се предвидат. Овие мерки вклучуваат преместување на сторителот во друга паралелка, физички оддалечена од паралелката на жртвата, забрана на сторителот да се приближува на жртвата, доколку посетуваат исти воншколски активности, екскурзии или спортски клубови, на сторителот може да му се ограничи учеството додека не му се промени однесувањето и доколку жртвата се согласи.
- **Мерки за физичко одделување на жртвата.** Овие мерки се употребуваат само доколку е неопходно, доколку жртвата тоа го бара и доколку се во нејзин најдобар интерес. Овие мерки вклучуваат ослободување од настава за одреден период, ослободување од обврски по одредени предмети и воншколски активности, префрлување во друга паралелка доколку тоа е барање на жртвата и доколку во друга паралелка има ученици на кои жртвата им верува, ученици кои подобро ќе ја прифатат и поддржат.
- **Мерки за промена на однесувањето на сторителот.** Овие мерки се применуваат само доколку сторител е друг ученик или ученици. Овие мерки вклучуваат психо-социјална поддршка со училишниот психолог или друго лице согласно потребите; упатување на родителите/старателите и/или други членови на семејството на психо-социјално советување во надлежна установа; разговори и советувања на родителите/старателите и/или други членови на семејството во врска со мерките кои треба да ги преземат со цел да се промени однесувањето.
- **Педагошки мерки кон сторителот.** Педагошките мерки од член 57 од Законот, можат да се изречат кон ученик сторител на насилство. Овие мерки треба да се изречат само во случаите кога мерките за промена на однесувањето не покажуваат резултати и во случаите кога се работи за случај на насилство од табела 2 и табела 3. Мерката „отстранување од училиштето“ може да се изрече и во случаите кога тоа е неопходно за жртвата, со цел да се рехабилитира од искуството на насилство.
- **Мерки за поддршка на набљудувачите и/или сведоците.** Контакт лицето, стручен соработник или наставник спроведуваат мерки за поддршка или промена на однесувањето на учениците сведоци или набљудувачи со цел да се пресретнат и нивните искуства и да се зајакнат вештините за реакција во случаите на насилство. Овие мерки вклучуваат: разговарање и објаснување на случајот и околностите, оставање простор да ги кажат своите размислувања и чувства поврзани со случајот, објаснување на последиците кои ги остава насилството по жртвата и по општеството, советување како да реагираат во вакви случаи, договарање за заедничка поддршка на жртвата и сл. Притоа, на учениците не им се откриваат детали за случајот кои не ги знаат. Крајна цел на овие мерки е учениците да не го оправдуваат насилството, да разберат зошто ова однесување е штетно, да не ја обвинуваат или исклучуваат жртвата. Овие разговори не смеат да се прават во присуство на ученикот жртва и ученикот сторител. Учениците набљудувачи и сведоци не треба да се осудуваат или обвинуваат ако не пријавиле навремено, но треба да им се укаже на потребата од пријавување на таков случај веднаш штом го воочат. Доколку станува збор за случаи на насилство од табела 2 кои се повторуваат или од табела 3, на учениците сведоци или набљудувачи им се нуди психо-социјална поддршка од училишниот психолог и/или се упатуваат во друга установа. Овие

мерки можат да вклучат едукативни активности, како предавања и работилници на теми поврзани со случајот на насилство, работилници за ненасилна комуникација и работилници за врсничка поддршка на жртви на насилство.

Сите мерки кои се однесуваат на жртвата мора да се донесат со нејзино вклучување, согласување и земање предвид на нејзините желби и потреби. Жртвата треба да се чувствува дека одлучува за себе, заедно со возрасните и дека има контрола над ситуацијата. Сите предлози контакт лицето или друго лице од доверба на жртвата, детално и ги образложува на разбирлив начин прилагоден на возраста и се труди да ја оспособи за да донесе информирана одлука. Со жртвата се работи трпеливо, се остава време за да одлучи, да го промени мислењето, да одбие одреден предлог и можност да се прекине дури и кога нешто почнало да се спроведува.

Контакт лицето или друго вработено лице кое е од доверба на ученикот сторител, ќе разговара со сторителот за донесените мерки, резултатот што се сака да се постигне, следните чекори кои ќе се преземат и последиците со кои ќе се соочи. Ученикот сторител не треба да се обвинува и осудува, туку треба да се влијае на промена на однесувањето и на факторите кои придонеле до насилничкото однесување.

Родителите/стрателите на жртвата и на сторителот се вклучуваат во изработката на планот за заштита на ученикот жртва и промена на однесувањето на сторителот, секогаш кога тоа не е спротивно на принципот на најдобар интерес на детето. Доколку родителите/старателите се несоработливи и делуваат на штета на детето училиштето е должно да го извести Центарот за социјална работа. Доколку родителите/старателите се однесуваат насилнички или училиштето проценува дека може да дојде до насилство или штета кон вработен во училиштето, други ученици или родители/старатели на друг ученик освен Центарот за социјална работа, ќе повика и полиција, а зависно од околностите на случајот може да се извести и Министерството за образование и наука, инспекторатот, Народниот правобранител и да се побара правна помош од Министерството за правда или здруженија на граѓани.

Планот за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот постојано се евалуира и дополнува, се оценува дали дава резултати, се проценува состојбата на ученикот жртва и на ученикот сторител и врз таа основа се определува траењето на мерките и нивниот вид. Мерките продолжуваат се додека не се добијат посакуваните резултати, а после тоа активно се внимава на однесувањето и развојот на ученикот жртва и на ученикот сторител.

### 3.5. Евиденција

Контакт лицето го евидентира секој случај на насилство над ученик во формуларот од прилог 2. Во формуларот се евидентираат случаите на насилство од табела 1 кои се повторуваат, случаите од табела 2 и табела 3. Формуларите се чуваат во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Планот за заштита на жртвата од насилство и промена на однесувањето на сторителот, во сите негови верзии и дополнувања се чува заедно со формуларот за евиденција од прилог 2. За подготовка на планот се користи формуларот од прилог 3. Овој формулар се пополнува веднаш по пополнувањето на формуларот од прилог 2. Лицето за контакт или неговиот заменик, заедно со останатите лица кои се вклучени во одлучувањето и спроведувањето на мерките за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот, го пополнуваат делот за процена на ефикасноста на мерките, во моментот кога ќе проценат дека се постигнати некакви резултати, а најдоцна во рок од еден месец од дознавањето за случајот на насилство. Овој формулар се пополнува онолку пати колку што има потреба, се додека траат мерките за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот. Притоа, се пополнуваат само оние делови во кои нешто ќе се измени и дополни. Откако ќе се процени дека мерките го оствариле својот ефект, завршно се пополнува само делот за процена на ефикасноста од мерките.

Клучни елементи на планот за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот:

- Опис на мерките од точка 3.4.
- Резултати и индикатори по мерките кои се следат
- Временска рамка на спроведување
- Временска рамка за евалуација
- Информации за лицата кои учествуваат во негова подготовка
- Забелешки (во овој дел се внесуваат отворени прашања кои дополнително се разгледуваат, различни мислења на лицата кои учествувале во подготовка и друго)
- Потпис од контакт лицето и директорот на училиштето
- Датум на негово донесување

## 4. Прилози

### Прилог 1: Табели со категоризација на насилството

**Табела 1- Прво ниво**

| Физичко насилство | Емоционално/ психичко насилство | Социјално насилство | Сексуално насилство/ злоупотреба | Кибер насилство |
|---|---|---|---|---|
| - удирање чврги,<br>- буткање,<br>- штипење,<br>- гребење,<br>- кубење,<br>- гризење,<br>- сопнување,<br>- шутирање,<br>- валкање,<br>- уништување на предмети. | - исмевање,<br>- омаловажување,<br>- озборување,<br>- навредување,<br>- ословување со погрдни имиња,<br>- пцуење,<br>- имитирање,<br>- „прозивање“. | - дофрлање,<br>- потсмевање,<br>- игнорирање. | - дофрлање,<br>- пцуење,<br>- негативни коментари,<br>- гестикулации со сексуалнаалузија<br>. | - повремени вознемирувачки повици на телефон,<br>- вознемирувачки СМС, ММС-пораки,<br>- вознемирувачки пораки на социјалните мрежи итн. |

**Табела 2- Второ ниво**

| Физичко насилство | Емоционално/ психичко насилство | Социјално насилство | Сексуално насилство/ злоупотреба | Кибер насилство |
|---|---|---|---|---|
| - шамарање,<br>- удирање,<br>- газење,<br>- кинење на облеката,<br>- затворање,<br>- плукање,<br>- одземање и уништување на сопственост. | - уценување,<br>- закани,<br>- неправедно казнување,<br>- етикетирање,<br>- забрана за комуницирање,<br>- исклучување,<br>- отфрлање,<br>- манипулирање. | - сплеткарење,<br>- игнорирање,<br>- отфрлање,<br>- невклучување,<br>- неприфаќање,<br>- манипулирање,<br>- експлоатација,<br>- исклучување од групата врз основа на дискриминаторска основа,<br>- навреди и вознемирување на дискриминаторска основа. | - сексуално допирање,<br>- покажување на порнографски материјал,<br>- покажување на интимните делови на телото,<br>- соблекување. | - огласи,<br>- клипови,<br>- блогови,<br>- злоупотреба на форуми и четувања,<br>- сексуално насилство во видео игри,<br>- снимање со камера на насилни сцени,<br>- дистрибуирање на приватни снимки и слики без согласност. |

**Табела 3- Трето ниво**

| Физичко насилство | Емоционално/ психичко насилство | Социјално насилство | Сексуално насилство/ злоупотреба | Кибер насилство |
|---|---|---|---|---|
| - тепачка, давење, фрлање кои резултираат со сериозни физички последици /укажана помош од лекар,<br>- напад со палка, нож, оружје кои може да има фатален исход,<br>- предизвикување на изгореници,<br>- забрана на храна и спиење,<br>- изложување на ниски температури. | - застрашување со уцена,<br>- рекетирање,<br>- ограничување на движење,<br>- наведување на користење на психоактивни супстанции (легални или нелегални),<br>- вклучување во секти,<br>- занемарување. | - сериозни закани за животот,<br>- терор на група над поединец/група,<br>- дискриминација,<br>- организирање на затворени групи (кланови),<br>- навреди и вознемирување на дискриминаторска основа. | - заведување од страна на возрасни,<br>- подведување,<br>- злоупотреба на моќта,<br>- наведување,<br>- изнудување и принудување на сексуална активност,<br>- силување,<br>- полов напад врз дете кое не навршило 14 години,<br>- задоволување на полови нагони пред друг,<br>- обљуба со злоупотреба на положбата. | - дистрибуирање или објавување на приватни снимки и слики без согласност,<br>- снимање на вулгарни и насилни сцени кои се масовно дистрибуирани,<br>- прикажување на порнографски материјал,<br>- производство и дистрибуција на порнографски материјал. |

**Прилог 2: Формулар за евиденција на насилството**

1. Датум и час кога се случил насилниот настан/ситуација: ____________________

2. Насилството се случува:

- ☐ Прв пат
- ☐ Се повторува повеќепати: _____________ (наведете колку пати)

3. Каде се случило насилството (можни се повеќе одговори):

- ☐ Во училницата
- ☐ Во спортската сала
- ☐ Во ходниците
- ☐ Во тоалетот
- ☐ Во дворот на училиштето
- ☐ На пат кон/од училиштето
- ☐ Во домот
- ☐ На интернет
- ☐ Друго: ________________________________________

4. Начин на откривање или воочување на насилството (насилната ситуација):

- ☐ Наставник
- ☐ Ученик сведок или ученик кој на друг начин дознал
- ☐ Стручен соработник
- ☐ Контакт лице за пријавување насилство или заменик
- ☐ Пријава од обезбедувањето
- ☐ Директорот на училиштето
- ☐ Друго вработено лице во училиштето
- ☐ Пријава од родител/старател
- ☐ Пријава од личноста која доживеала насилство
- ☐ Анонимна пријава на е-маил, веб страница или кутија

- ☐ Друго:______________________________________________

5. Опис на настанот:

| |
|---|
| |

6. Учесници во насилството

Дополни со број.

6.1. Колку жртви има во случајот? ____

6.2. Колку сторители има во случајот? ____

6.3. Ученик/ци жртва/и на насилство (овој дел, 6.3. се копира онолку пати колку што има жртви во случајот и се пополнува за секоја жртва поединечно)

Име и презиме: ______________________________________________

Возраст: _____

Род:

- ☐ Женски
- ☐ Машки

Етничка припадност:

- ☐ Македонска
- ☐ Албанска
- ☐ Турска
- ☐ Ромска
- ☐ Бошњачка
- ☐ Влашка
- ☐ Србска

- ☐ Друго:_________________________________

Дали ученикот е дете со попреченост или посебни образовни потреби? Заокружи: ДА НЕ

Дали ученикот припаѓа на некоја маргинализирана или ранлива група како, сиромашно или економски помалку моќно семејство, дете кое досега било жртва на насилство, дете кое има здравствени проблеми, дете без родители или дете од еднородителско семејство или дете кое живее во друга форма на неконвенционални семејства или друга маргинализирана група? Допиши и додади опис доколку не знаеш или се сомневаш.

| |
|---|
| |

6.4. Кој е сторител на насилството (можни се повеќе одговори):

- ☐ Ученик или група ученици од училиштето
- ☐ Вработен во училиштето. Кој? Наведи име и презиме :_________________________________
- ☐ Член на семејството
- ☐ Друг врсник
- ☐ Трето возрасно лице
- ☐ Друго:_________________________________

6.5. Ученик/ци сторител/и на насилство (овој дел, 6.5. се копира онолку пати колку што има сторители во случајот и се пополнува за секој сторител поединечно):

Име и презиме: ______________________________________________

Возраст: _____

Род:

- ☐ Женски
- ☐ Машки

Етничка припадност:

- ☐ Македонска
- ☐ Албанска
- ☐ Турска
- ☐ Ромска
- ☐ Бошњачка
- ☐ Влашка
- ☐ Србска
- ☐ Друго:_________________________________

Дали ученикот е дете со попреченост или посебни образовни потреби? Заокружи: ДА НЕ

Дали ученикот припаѓа на некоја маргинализирана или ранлива група како, сиромашно или економски помалку моќно семејство, дете кое досега било жртва на насилство, дете кое има здравствени проблеми, дете без родители или дете од еднородителско семејство или дете кое живее во друга форма на неконвенционални семејства или друга маргинализирана група? Допиши и додади опис доколку не знаеш или се сомневаш.

| |
|---|
| |

**7. Видови насилство**

| Вид на претрпено насилство (можни се повеќе одговори) |
|---|
| ☐ Физичко<br>☐ Психичко/ емоционално<br>☐ Социјално |

- ☐ Сексуално
- ☐ Кибер

7.1. Дали во случајот се работи за родово засновано насилство или друг вид на насилство мотивирано од омраза и предрасуди? Заокружи: Да Не Не сме сигурни

7.2. Ако одговорот на 7.1. е „да“, заокружете за каков вид на насилство мотивирано од омраза или предрасуди се работи (можни се повеќе одговори):

- ☐ Родово засновано насилство
- ☐ Насилство засновано на етничка и/или верска омраза и предрасуди
- ☐ Хомофобично или трансфобично насилство
- ☐ Насилство поради предрасуди поврзани со попреченост
- ☐ Насилство поради политичко уверување на жртвата и/или родителите
- ☐ Друго:________________________________

7.3. Доколку одговорот на 7.1. е „не сме сигурни“, образложете:

7.4. Доколку се работи за ученик, жртва на семејно насилство одговорете на следните прашања:

Дали ученикот е директна жртва, сведок или и двете:

- ☐ Жртва
- ☐ Сведок
- ☐ И жртва и сведок

Сторителот е (можни се повеќе одговори):

- ☐ мајка
- ☐ татко
- ☐ старател
- ☐ брат
- ☐ сестра
- ☐ баба
- ☐ дедо
- ☐ друг член на домаќинството: ____________________________

Која надлежна институција е повикана за да постапи во случајот? Можни се повеќе одговори.

- ☐ ЦСР
- ☐ МВР/полиција
- ☐ МЗ
- ☐ ЈО
- ☐ Здружение на граѓани (допиши кое): __________________________

8. Забелешка (во овој дел додадете ги останатите информации кои сметате дека се важни, а не се опфатени со прашањата или образложете доколку имало различни мислења или несогласувања околу пополнувањето на формуларот)

| |
|---|
| |

Датум: ______.______.20______ год.

Име и презиме и потпис на контакт лицето за пријавување насилство или заменикот:

ОСУ „Јовче Тесличков“ - Велес

---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Име и презиме и потпис на директорот на училиштето:

---------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Прилог 3: Формулар за план за заштита на жртвата од насилство и промена на однесувањето на сторителот**

1. Видови на интервенции кои ќе се преземат или се преземале, заедно со временска рамка:

| |
|---|
| |

2. Дали во интервенцијата била повикана друга институција или друго трето лице?

Заокружи: ДА НЕ

3. Ако одговорт на 2 е „да“, заокружи која институција или трето лице било повикано:

- ☐ ЦСР
- ☐ Полиција/ МВР
- ☐ Здравствена институција
- ☐ Јавно обвинителство
- ☐ Здружение на граѓани (допиши кое): __________________________
- ☐ Трето лице како независен експерт, специјален едукатор, друг (допиши професија и име и презиме на лицето): __________________________

Ако сте повикале институција, наведете дата, час и име и презиме на лицето од институцијата каде сте го пријавиле случајот: _______________________________________________

4. Предлог-мерки за заштита на жртвата, временска рамка за спроведување и начини на следење на спроведените мерки/интервенции

| |
|---|
| |

5. Предлог-мерки за промена на однесувањето на сторителот, временска рамка за спроведување и начини на следење на спроведените мерки/интервенции (се пополнува само ако сторителот е ученик/ци).

| |
|---|
| |

6. Процена на ефикасноста на преземените мерки за заштита на жртвата

Што се подобрило/на што сè уште треба да се работи:

Позитивни примери/позитивно однесување:

Негативни примери/негативно однесување:

7. Процена на ефикасноста на преземените мерки за промена на однесувањето на сторителот (со пополнува само ако сторителот е ученик/ци)

Што се подобрило/на што сè уште треба да се работи:

Позитивни примери/позитивно однесување:

Негативни примери/негативно однесување:

8. Забелешка (во овој дел додадете ги останатите информации кои сметате дека се важни, а не се опфатени со прашањата, образложете доколку имало различни мислења или несогласувања околу пополнувањето на формуларот. Доколку сте се соочиле со потешкотии и недостаток од соработка со родители/старатели или други институции, наведете и образложете во овој дел)

| |
|---|
| |

Датум: ______.______.20______ год.

Име и презиме и потпис на контакт лицето за пријавување насилство или заменикот:

----------------------------------------------------------------------------------------------------

Име и презиме и потпис на директорот на училиштето:

---------------------------------------------------------------------------------------------------